**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**
**ТЕЛО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ИПАРД**

# ИНФОРМАЦИЈА
## за спроведувањето на одлуките/заклучоците од 6-от состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020

***(Согласно член 52 од Секторскиот договор)***

**Седми состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020**

**ноември 2020**

**<u>Информација за спроведени одлуки и заклучоци од шестиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014- 2020</u>**

На шестиот состанок кој беше одржан на 12 декември 2019 година беа усвоени 5 одлуки и донесени 12 заклучоци, односно:

1. **Одлука** за усвојување на дневниот ред;
2. **Одлука** за усвојување на Записникот од претходниот петти состанок на Комитетот за следење на ИПАРД одржан на 21 мај 2019;
3. **Одлука** за усвојување на  АПТА-та за 2019 година (верзија 2);
4. **Одлука** за усвојување на АПТА-та за 2020 година;
5. **Одлука** за усвојување на Акцискиот план за Комуникација и Публицитет на ИПАРД Програмата 2014-2020 за 2020 година.

По состанокот на Комитетот за следење на ИПАРД произлезе и потребата од донесување на дополнителни 3 нови одлуки кои потоа беа донесени по пат на пишана процедура и тоа за:

- **<u>Годишниот извештај за спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020 за 2019 година</u>**
  ***<u>Преземени активности:</u>*** ТУ со ИПАРД по усвојувањето на годишниот извештај за спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020 за 2019 година од страна на Комитетот за следење на ИПАРД II на 29.06.2020 година, истиот го достави до Европската комисија на 30.06.2020 година. Од страна на Европската комисија добиени се коментари доставени на 29.10.2020 година со допис Ares(2020)6112298. Во моментов Годишниот извештај за спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020 за 2019 година е во фаза на финализација.

- **<u>Измена на акцискиот план на планирани активности со мерката „Техничка помош” (АПТА) за 2020 година</u>**
  ***<u>Преземени активности:</u>*** ТУ со ИПАРД по усвојувањето на прва измена на акцискиот план на планирани активности со мерката ,,Техничка помош” (АПТА) за 2020 година од страна на Комитетот за следење на ИПАРД II на 08.10.2020 година, започна со реализација на дел од предвидените набавки во АПТА 2020 (*детални информации во точка 8.1 од овој состанок*).

- **<u>Измена на Деловникот за работа на Комитетот за следење на ИПАРД II</u>**
  ***<u>Преземени активности:</u>*** ТУ со ИПАРД, како резултат на донесување на новата Одлука за формирање на Комитетот за следење на ИПАРД II, односно Решението за именување на членови на Комитетот за следење на ИПАРД II, пристапи кон соодветни промени на Деловникот на Комитетот за следење на ИПАРД II и истиот го достави до членовите на усвојување. Новиот Деловник за работа е усвоен на 16.11.2020 година.

Во однос на заклучоците, на шестиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД беа усвоени следниве заклучоци:

**Заклучок бр. 1:** Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 се информираше во однос на одлуките/заклучоците усвоени на претходниот (петти) состанок на Комитетот за следење на ИПАРД.

**Заклучок бр. 2:** Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 се информираше во однос на новите членови за Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020.

**Заклучок бр. 3:** Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 се информираше во однос на резултатите од спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020 преку податоци/показатели за следење.

**Заклучок бр. 4:** Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 се информираше во однос на напредокот на активностите на ИПАРД Агенција во однос на ИПАРД Програмата 2014-2020.

**Заклучок бр. 5:** Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 се информираше во однос на системот за следење и контрола на ИПАРД Програмата 2014-2020, статусот со доверување на задачите за спроведување на буџетот за мерката рурална јавна инфрастуктура, финансиското спроведување на ИПАРД и искористување на каматата од ИПАРД еуро сметка.

**Заклучок бр. 6:** Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 се информираше за втората модификација на ИПАРД Програмата 2014- 2020.

**Заклучок бр. 7:** Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 се информираше во однос на третата модификација на ИПАРД Програмата 2014- 2020 и Листата на прифатливи трошоци.

**Заклучок бр. 8:** Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 се информираше во однос на подготвителните активности за Агро-еколошките мерки.

**Заклучок бр. 9:** Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 се информираше во однос на напредокот на активности во однос на спроведување на АПТА 2019.

**Заклучок бр. 10:** Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 се информираше за напредокот на активностите за комуникација и публицитет за ИПАРД 2014-2020.

**Заклучок бр. 11:** Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 се информираше за екс-пост евалуацијата на ИПАРД Програмата 2007-2013.

**Заклучок бр. 12:** Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 се информираше за тековната евалуација на ИПАРД Програмата 2014- 2020.